КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
бр. 17-5221/7Л од 05-08-2022 година

**ДО: Избрани Лекари - сите**
**ЈЗУ Клинички Болници - сите**
**ЈЗУ Општи Болници - сите ЈЗУ**
**ЈЗУ Болници со проширена дејност- сите**
**ЈЗУ УК за детски болести**
**ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле**

**ПРЕДМЕТ: Известување за начинот на третман на педијатриски Ковид пацинти**

Почитувани,

Врз основа на ставот на Комисијта за заштита на населението од заразни болести утврден на 21 - јули - 2022 годна, како и ставот на стручниот колегиум на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле од 19 и ЈЗУ Универзитетска Клиника за детски болести - јули -2022 годна, Ве известуваме дека примарната дијагностика и тријажирање (дали пациентот ќе се води амбулантски или е потребна хоспитализација) на педијатриските Ковид пациенти треба да ја прави избраниот лекар.

Асимптоматските педијатриски пациенти ги следи избраниот лекар и доколку дојде до појава на симптоми прави проценка дали ќе се продолжи третманот амбулантски или е потребно болничко лекување.

Педијатриските пациенти со лесна клиничка слика (пациенти со фебрилност помалку од 72 часа, лесни горно респираторни и гастроинтестинални симптоми) треба да ги следи избраниот лекар.

Педијатриските пациенти со средно тешка клиничка слика (пациенти со пролонгирана висока фебрилност, фебрилни конвулзии, гастроентероколитис и дехидратација, лесен бронхит или пневмонија кои имаат добар одговор на стандардна терапија и не побаруваат кислородна поддршка) треба да се лекуваат во регионалните болнички установи, а од подрачјето на градот Скопје во Институтот по белодробни заболувања кај децата - Козле.

Само педијатриските пациенти со тешка клиничка слика (декомпензиран долнореспираторен инфект, тежок гастронтероколитис со посериозна дехидртација, пациенти хоспитализирани во матични центри кај кои нема подобрување или клиничката слика се влошува) да се испраќаат во **Институтот по белодробни заболувања кај децата - Козле**.

Доколку педијатрискиот пациент е во животозагрозувачка состојба (како опструкција или отсутност на дишење, респираторн дистрес, централна цијаноза, шок, кома како и пациенти со присутни коморбидитети кои го загрозуваат животот на детето), се препраќа од било кое ниво како итен случај во УК за детски болсти - Скопје (Ургентен центар на клиниката) како терциерна здравствена установа опремена за третман на ваков тип на пациенти.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Dr. Bekim Sali**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО · MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

Н. Грлчевски